# Демократски сојуз

---

## ПРОЕКТ

## РЕФОРМА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ

## -Една изборна единица како најдемократско решение-

*Скопје, март 2015 година*

**СОДРЖИНА**

*Воведни Напомени*

1. *Демократијата - главен предуслов за успешно функционирање на изборниот и на политички систем на државата*

*1.1 Општо за демократијата и изборите*

*1.2 Карактеристики и функции на изборите*

2. *Изборен инженеринг: како до адекватен изборен систем?*

*2.1 Изборен систем - поим и елементи*

*2.2 Типологија на изборните системи*

*2.2.1 За „битните“ карактеристики на мнозинскиот, пропорционалниот и на мешовитиот систем*

*2.2.2 Аргументи pro et contra*

*2.2.3 Структура на изборниот систем; изборна техника*

3. *Компаративни искуства*

*3.1. Општо за изборните модели и техники во државите од поблиското и од поширокото соседство*

*3.2 Република Словенија*

*3.3Република Хрватска*

*3.4.Република Србија*

*3.5Република Косово*

*3.6 Република Црна Гора*

*3.7 Република Грција*

*3.8 За искуствата на останатите (европски) држави*

*4. Изборната техника и распределбата на мандатите во Република Македонија*

*Воведни напомени*

Изборниот систем на секоја држава, како и изборите воопшто, се сметаат за еден од најважните инструменти за демократскиот поредок на државата. Тие се многу повеќе од некаков попатен декор на формалната демократија и на демократската процедура на конституирањето на државните органи. Неспорно е дека една власт треба да поседува легитимитет, којшто може да го стекне единствено преку волјата на грагаѓаните во една земја, што значи преку организирање фер и слободни демократски избори.[1] Тоа е во согласност со либералната концепција за државата и правото која се чини неизводлива без постоењето *слободни и непристрасни избори.* На изборите во најопшта смисла, се гледа како на акт на делегирање, пренесување на определени природни права на граѓаните врз нивните претставници, односно врз државата како институционална целина во рамките на која тие ја остваруваат својата функција: законодавната, а преку законодавната и извршната и судската. Тоа е истовремено и акт и на лимитирање, ограничување на нивните овластувања, како и порака за содржините и целите што треба да се остварат низ механизмите на политичкото претставување.

Остварувањето на овие функции на изборите и гласањето, посматрано низ призмата на индивидуалните слободи и права како исходиште на целокупната општествена, политичка и правна сфера, претпоставува потполна слобода на определување на избирачите. Сепак, ова не значи дека изборите сами по себе, претставуваат достатен услов за политичкото претставување и за демократијата на една држава, но, никој не ја спори, од друга страна*, нивната нужност,*[2] оттаму што се работи за еден од еден од главните постулати за демократско конституирање на власта и донесување одлуки.[3] Изборите се нужен предуслов за секоја модерна демократија, лозинка на секое демократско општество и со право се сметаат за своевиден мост помеѓу оние кои се на власт и оние врз кои кои се простира таквата власт, механизам кој дава одговор на прашањето за тоа кој победува, а кој губи во борбата за власт, но и

---

[1] Во потесна смисла, легитимитетот ја изразува меѓусебната поврзаност на оние коишто управуваат и оние кои го сочинуваат кругот на управувани лице. Со помош на согласноста на управуваните, управувачите се здобиваат со легитимни средства на владеење, а управуваните со одговорни и послушни владетели, Шкариќ, С., Споредбено и македонско уставно право, Матица, 2004, стр. 455 итн.
[2] Hejvud, Endru. Politika. Beograd: Clio, 2004.
[3] Така и Камбовски, Тупанчески, Казнено право - посебен дел, Петто, изменето и дополнето издание, 2-ри Август С, Штип, Скопје, 2011, стр. 107-108.

инструментум кој им дава моќ на оние кои извојувале победа да ја преземат власта во свои раце.[4]

Занимавајќи се со овие прашања, *Sartori,* во своето познато дело „Компаративен уставен инженеринг," изборните системи ги окарактеризирал како *еден од најманипулативните инструменти на политиката, но и моќна алатка за обликување на партискиот систем и одредување на претставничкото тело.*[5] Кај изборните системи, многу лесно може да се манипулира со целите и со изгледите - повластување на едни и дискриминирање на други, односно фаворизирање на едни и дефаворизирање на други актери.[6]

### *1. Демократијата - главен предуслов за успешно функционирање на изборниот и на политички систем на државата*

### *1.1 Општо за демократијата и изборите*

Во периодот на XX век, доаѓа до важна пресвртница на светската сцена која ја означи победата на идејата за демократијата како облик на владеење. [7]

Речиси и да не е спорно дека прецизното дефинирање на демократијата е невозможен потфат. Сепак, мислата за неа и за нејзиното практично функционирање укажуваат на неколку битни карактеристики: владеење на народот, т.е. постоење на таков политички режим во кој сите граѓани рамноправно учествуваат во управувањето со одредено општество; релативност на општествено - политичката вистина; еднаквост; слобода, што е и најзначајната категорија на демократијата, бидејќи овозможува да се чуе гласот на индивидуата („демократските слободи се неопходен услов за формирање на политичката и на општествената

---

[4] Во демократските општества изборите ги имаат уште и следниве функции: заштитна функција, превентивна функција, психолошка и индикативна функција, Климовски, С., Дескоска, Р., Каракамишева, Т., Политички систем, Скопје: Просветно дело, 2009, стр. 371-372.

[5] Sartori, Sartori Đovani, Uporedni ustavni inžinjering, Filip Višnjić, Beograd, 2003, стр. 14.

[6] Orlovic, S., Izborni sistem I Institucionalni dizajn, текстот е достапен на http://izbornareforma.rs/wordpress/wpcontent/uploads/zbornik/Slavisa%20Orlovic%20-%20Izborni%20sistem%20i%20institucionalni%20dizajn.pdf.

[7] Терминот демократија инаку, потекнува од старогрчките зборови demos (народ) и kratein (владеење). Оттука, демократијата значи власт или владеење на народот, или владеење на мнозинството. Како облик на владеење на народот, таа, за прв пат е забележана во шестиот век пред новата ера, на островот Киос, а во поразвиена форма, еден век подоцна, во Атина за време на Перикле. Во грчките полиси, демократијата се јавува како резултат на појавата на слободните граѓани (polites), на нивното право на говор (isigorija) и правото на еднаквост (isonomija). Практичното искуство на античка Грција влијаело и врз републиканскиот Рим, швајцарските кантони во Средниот век и врз италијанските градови за време на Ренесансата во XIV век. Со прашањето за демократијата, обидот за дефинирање и претпоставките за нејзино реално суштествување, како и со нејзините слабости се занимавале бројни автори, па оттука, се изградени и различни поими и сфаќања за наведениов поим.

вистина“[8]); скептичност (демократијата е скептична кон оние што нудат конечни или вечни вистини, особено ако тоа го прават органите на државната власт); мнозинско начело; демократијата како рамка (или со други зборови, начин на донесување на одлуки за тоа како и по која постапка ќе се решаваат општествените прашања); демократијата како трајна идеја и неизвесна практика на демократијата (демократијата сама по себе не гарантира ништо; таа нуди можност за успех, но носи и ризик од неуспех, ако обичниот граѓанин не е подготвен постојано да учи од сопственото искуство и ако не покажува истрајност во примената на демократските методи).[9]

Учењето за демократијата зазема мошне значајно место и во Русоовиот научен опус. Русо високо ја ценел демократијата, претставувајќи ја (во идеална смисла) како најсовршен облик на владеењето, но и како концепт којшто практично, се чини невозможен. Според Русо, демократијата  во своето строго значење не постоела никогаш - „Спротивно на природниот ред е мнозинството да владее, а малцинството да биде владеано.“ За него, демократијата (како совршен облик на владеење) е божја творба, а не творба на луѓето, што илустративно е прикажано во неговите зборови: „Кога би постоел народ од богови, тој би имал демократска влада. Една толку совршена влада не е за луѓе.“[10] Во продолжение, тој се осврнува и на причините кои претставуваат реална пречка за постоењето на демократијата. Оттука, Русо главната причина која го оневозможува функционирањето на демократијата ја наоѓа во *човековата природа* („Народот сам по себе секогаш го сака доброто, но сам од себе не го согледува секогаш тоа добро. Општата волја е секогаш праведна, но мислењето што ја води не е секогаш јасно“).[11]

Занимавајќи се со овие прашања, *Robert Dahl,* ќе истакне дека „демократијата во современи услови, станува универзален облик на политичкиот легитимитет, успевајќи да се наметне над сите останати политички вредности и противници.“[12] Интересен сплет наоѓаме кај *Andrew Heywood* кој во своето познато дело „Политика“ укажува на тоа дека денес секоја индивидуа, сите припадници на општеството се прокламираат себе си како поборници за демократијата: „либералите, конзервативците, социјалистите, комунистите, анархистите, па, дури и фашистите, настојуваат да си припишат што е можно повеќе демократски доблести и да го изразат својот демократски кредибилитет.“[13]

Со падот на комунизмот и триумфирањето на капиталистичкото општество, демократијата стана еден од најексплоатираните, но и мошне често, злоупотребувани поими, сериозно доведувајќи ја во прашање основната смисла и значењето на овој поим.

[8] Marković, S.B., Okviri demokratije (O demokratiji), Politika i društvo, Beograd, 1995, стр. 7.
[9] Шкариќ, С., Споредбено и македонско уставно право, Матица, 2004, стр. 426-428.
[10] Жан Жак Русо, Општествениот договор, Здружени издавачи, Скопје, 1978, стр. 84.
[11] *Ibid*, стр. 50.
[12] Milan Podunavac, Drzava i demokratija. Beograd: Službeni glasnik, 2010, стр. 16.
[13] Endru Hejvud, Politika, Beograd: Clio, 2004, стр. 132.

Во тоа се оди до степен на претерување што се врши свесно и со цел да се затскрие недемократската суштина на еден систем. Демократијата се воздигнува на ниво на општа и обврзувачка вредност, со многу празни зборови.[14]

Демократијата опфаќа повеќе аспекти, но, основата е во тоа дека секое настојување за нејзиното дефинирање, во основа, налага изнаоѓање одговор на најмалку три важни прашања, и тоа: *што е народ* (имајќи го предвид различниот опфат на наведениов поим во различни историско-општествени формации); *како треба да се владее* (т.е. непосредно или посредно) и *до каде може да одат границите на владеење од страна на народот* (т.е. дали тие треба да бидат екстенизвно или рестриктивно поставени).[15]

На прашањето за тоа од каде произлегува потребата од повторно враќање кон овие општи прашања и концепти за демократијата кои небаре се „гушат“ во својата теориска затвореност следи и логичен одговор: *на изборите се гледа како на централен елемент во востановувањето и изградбата на демократскиот правен поредок во речиси сите современи држави. Демократската репрезентација и демократскипт поредок не можат да се замислат без слободно изведени избори и без наметнување на општествените и на политичките сили за политичка власт.*

Недемократските избори го намалуваат респектот на самите избори и фрлаат сомнеж врз легитимитетот на оние коишто владеат, доведувајќи ги во прашање главните функции на изборите, како облик за легитимирање на државната власт. Изборите многу лесно можат да се трансформираат во некаква *излишна општествена творба,* доколку тие не придонесуваат за демократскиот легитимитет на оние кои владеат. Јасна е оттука, врската помеѓу изборите и демократијата, како меѓусебно зависни и комплементарни елементи на секој правен поредок. Постоењето општи, слободни, еднакви, фер, непосредни и тајни избори е важен индикатор за степенот на демократизација на државата, која пак, од друга страна, е главен атрибут, т.е. критериум за квалификација (и класификација) на изборите.[16]

---

[14] Ваквата (фиктивната) слика за демократијата е добро опишана со зборовите на Danilo Basta: „Во тоа колнење во демократијата, во тоа нејзино некритично и бучно фалење, во таа опиеност од демократскиот тип на политички режим – има нешто недостојно и површно, непромислено и инфантилно, па дури и блуткаво, Danilo N. Basta, Slabosti demokratije (O demokratiji), Politika i društvo, Beograd, 1995, стр. 150.

[15] Климовски, С., Дескоска, Р., Каракамишева, Т., Политички систем, Скопје: Просветно дело, 2009, стр. 119.

[16] Јовевска, А., Изборните концепти во теориите на демократијата, Скопје: Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, 1999, стр. 13 според Кртолица, М., The influence of the electoral system on the development and functioning of the political system, Iustinianus Primus Law Review, № 10 (in press).

*1.2 Карактеристики и функции на изборите*

Во либералните општества изборите се засноваат на две претпоставки, односно на начелото на владеење на правото и легитимната процедура (конституирање на власта), како што е изборниот систем[17]. Во социјалистичките општества изборите почиваат врз идејата на т.н. авто-легитимитет, односно, тие не претставуваат ништо повеќе од акламација на волјата на владеачката социјалистичка гарнитура.

Во либерално-демократските општества, на кои им припаѓа и Република Македонија изборите се поставени во функција на легитимитетот на власта[18], која ја бираат граѓаните на фер и демократски избори, изјаснувајќи се за своите претставници во претставничкото (законодавното) тело на една држава. Изборите како средство за политичко партиципирање на избирачите, но и битен инструмент на претставничката демократија во секој демократски правен поредок, остваруваат разновидни и не ретко, меѓусебно поврзани (и изразени во различна мера) функции, кои се од значење за избирачите и за политичкиот систем во целина.

Според *Nohlen*, постојат неколку битни фактори кои ги одредуваат и конкретните функции на изборите, а тоа се во прв ред, општествениот фактор, институционалните фактори, но и политичките услови кои постојат во различни држави.[19] Изборите имаат и една друга функција, а тоа е и самата помисла на обичниот граѓанин, кој може да го оствари своето демократско право на власт, а со тоа и да влијае, дури и во најмала мера, врз политичката креатура на својата земја, манифестирајќи ја на тој начин, својата лојалноста кон нивната политичка опција.

По однос на прашањето за изборите, во правната теорија постојат две доминантни теоретски струи. Првата ја претставуваат *т.н. инструменталисти* за кои изборите претставуваат начин за стекнување право на власт. *Функционалистите* пак, тежиштето го

[17] file:///C:/Users/Dragan/Downloads/DI2_tekst1_Deren_Antoljak.pdf стр.218

[18] Според некои западни теоретичари (така, *Burham, Parsons*) само политичката гарнитура избрана на фер и демократски избори е легитимна и може да ужива меѓународно признание. Но, ако подлабоко се втурнеме во настаните кои претставуваат и една од битните одлики на изминатиот век, ќе видиме дека постојат и одредени исклучоци. пред се најголемата и најмоќната држава во текот на 20-тиот век СССР, немаше избори односно пропорционален модел на изборен систем, ниту пак политички плурализам, но сепак била основач на ОН. Од друга страна долго време во Домот на Лордовите во Обединетот Кралство беа избирани само лица со статусот на Лорд, кој го делела англиското кралско семејство.

[19] Nohlen, 1992, 21).

ставаат врз сфаќањето за изборите како средство за поставување рамнотежа помеѓу државата и општеството.[20]

*2. Изборен инженеринг: како до адекватен изборен систем?*

*2.1 Изборен систем - поим и елементи*

Третиот бран на демократијата (*Hunthingthon,* 1991) со ураганска сила ги погоди државите на Централна и Источна Европа, будејќи го не само научниот туку и практичниот интерес за изборните системи и демократијата. Во периодот на деведесеттите години од минатиот век, прашањето за изборниот модел од дотогаш маргинализирана тема, успеа да заземе централно место на политичката агенда. Ваквиот пресврт во значајна мера, го подигна и нивото на свест, исфрлајќи го на преден план, сфаќањето за тоа дека *на изборните правила не може да се гледа како на неутрална категорија: од начинот на кој се врши изборот, т.е. претворањето на гласовите на избирачите во претставнички места зависи дали одредена политичка партија, односно група или одредени претставници ќе ја преземат власта и ќе учествуваат во креирањето на политиката или пак, ќе останат надвор од таквиот проце.“.*[21]

Мултифункционалната поставеност на изборите[22] во секое демократско општество, сосема разбирливо е и една од главните причини врз кои се заснова интересот на општеството, за начинот на кој се спроведуваат самите избори. Токму оживотворувањето (или практицирањето „во живо“) на изборниот процес налага постоење сет - норми, правила и процедури за негово правилно реализирање на практично ниво. Оттука и природно доаѓаме до потребата од разбирање на поимот *изборен систем* кој во своето основно значење ги опфаќа принципите на избирачкото право и изборната техника.

---

[20] Поопширно за овие прашања в. и Albo, Jenson, A Contested Concept: The Relative Autonomy of the State, http://www.yorku.ca/albo/docs/1989/A%20Contested%20Concept.pdf.

[21] Norris, 1997, стр. 3 според Ruel, T., Electoral Systems in Southern European countries – Portugal, Spain, Italy and Greece - anintroductory approach to the quality of democracy, Instituto de Ciências Sociais - Universidade de Lisbon (Section Title: Democracy and Democratization), Lisbon, August 2010, стр. 2.

[22] Од прагматична гледна точка, изборите имаат две основни функции од кои првата (примарна) се однесува на конституирањето на парламентот, како најзначајна институција во општеството, додека втората на преден план, ја истакнува идејата за демократизација. Изборите го означуваат трансферот на една власт врз друга, пренесувањето на легитимитетот или со други зборови, трансфер на легитимната моќ од едни врз други. Посредно, тие служат за исполнување повеќе функции од конститутивно и од демократско значење, в. за ова поопширно Graeme, The Ritual and Aesthetic in Electoral Law, http://www.austlii.edu.au/au/journals/FedLRev/2004/20.html.

При неговото дефинирање најчесто се поаѓа од сфаќањето согласно кое тој се определува како збир на норми со кои се регулираат изборните принципи и односи, т.е. севкупноста на постапки и дејствија со коишто се врши избор на државните и други органи, а посебно на парламентот, како претставничка институција.[23] Во прашање е сложен механизам на норми и дејствија, начела и постапки за остварување на избирачкото право и гаранциите за слободни и фер избори и гласање, како и индивидуалното избирачко право (активно и пасивно) кои стојат во заемно единство. Со други зборови, почитувањето на формалната страна на изборите и гласањето треба да обезбеди слободно определување на избирачот, а од друга страна и слободното вршење на избирачкото право на граѓанинот се јавува како услов од кој зависи легалноста на самата изборна постапка и легитимитетот на изборите, односно резултатите од гласањето. Според некои автори, изборниот систем не е ништо друго, туку „институционален модус во чии рамки избирачите ги изразуваат своите политички преференции во облик на гласови, а пак, гласовите на избирачкото тело соодветно се претвораат во мандати".

Прецизна дефиниција за поимот на изборен систем е онаа на *Rein,* изложена во неговото дело „Predicting Party Sizes: The Logic of Simple Electoral Systems." Според авторот, се работи за збир на правила кои одредуваат како гласачите можат да ги изразат своите преференци (структура на гласањето) и на кој начин се врши транспонирањето на гласовите во мандати. Нужно е, притоа, да се определи и *бројот и големината на изборните единици, како и формулата врз која ќе се врши распределбата на мандатите.*[24]

Независно од разликите во поимањето и дефинирањето на изборниот систем, на сите нив им е заедничка врската со демократскиот поредок на општеството. Повеќето теоретичари стојат едногласно на тврдењето за изборниот систем како средишна точка на демократскиот поредок на државата. Одговорот за тоа речиси и да не заслужува подетално објаснување, со оглед на јасно исцртаната улога на изборите во општеството кои секако, зависат од начинот на кои тие се спроведени, а пак, изборниот систем дава одговор на прашањето за тоа врз кои изборни правила и техники ќе се заснова определено општество. Повеќе од јасно е дека изборите имаат смисла само тогаш кога правилата за нивно спроведување се прифатени од

[23] Шкариќ, С., 2004, стр. 476; слична дефиниција за поимот на изборен систем дава и Gallagher, поопширно за ова в. Gallagher, M., Mitchell, P., The Politics of Electoral Systems, New York, Oxford University Press, 2008 стр. 2.
[24] Rein, T., Predicting Party Sizes: The Logic of Simple Electoral Systems. Oxford: Oxford University Press, 2007, стр. 27.

страна на сите демократски сили во општеството и кога функционираат врз основа на правила кои овозможуваат доследно придржување до основните (изборни) начела: универзалност, еднаквост, тајност при гласањето, т.е., постоење на слободни и фер избори. Само во вакви услови, изборите можат да влијаат врз прифаќањето на легитимитетот на избраната власт,[25] но, и да послужат како релевантен и реален индикатор за постоењето и степенот на демократизација на одредено општество, која пак, од друга страна, се јавува како неопходен атрибут, т.е. нужен критериум за квалификацијата на самите избори. [26]

Од сето погоре наведено, произлегува дека изборниот систем во себе опфаќа неколку важни елементи, како што се изборната формула (мнозински или пропорционален модел), изборните единици, изборниот натпревар, гласањето, методите според кои се врши претворање на гласовите во мандати и изборниот цензус.[27] И токму од селекцијата на изборната формула зависи, во битна мера севкупниот (иден) политички живот во државата; ваквото прашање се покажува како мошне комплексно, оттаму што допира до основното јадро на политичкиот систем на државата, а секоја негова промена предизвикува натамошни промени во односите помеѓу политичките сили, т.е. во односите помеѓу центарот на политичката власт и моќ кои пак, можат да имаат далекусежни последици врз политичкиот живот на заедницата.[28]

Во периодот на XX век, добар дел од теоретичарите ќе го (ре) актуелизираат прашањето за влијанието на изборниот систем врз стабилноста на политичкиот систем на државата, консолидацијата или фрагментаризацијата на партискиот систем, стабилноста на владата, како и врз односите и поврзаноста помеѓу избраните претставници и избирачите, одѕивот на гласачите и интересот на граѓаните за изборниот процес, корупцијата при изборите и гласањето и управувањето со конфликтни ситуации во едно поделено општество, итн. За *Sartori,* т.н. ре-инженеринг и определбата за определен изборен систем е од фундаментално значење за (ре) конституирањето на демократијата во пост-социјалистичките општества.[29]

---

[25] B. Milan Matic, Milan Podunavac, Politicki sistem: Teoriji I Principe, Beograd: Fakultet Politickih Nauka, 2007, стр. 330.
[26] Јовевска, А., Изборните концепти во теориите на демократијата, Скопје: Институт за социолошки и политичко – правни истражувања, 1999, според Кртолица, М., The influence of the electoral system on the development and functioning of the political system, Iustinianus Primus Law Review, № 10 (in press).
[27] Kasapović, M., Izborni sustav, ”Izborni leksikon, Politička kultura, Zagreb, 2003, стр. 160-161.
[28] Electoral System Design: The New International IDEA Handbook, International Institute for Democracy and Electoral Assistance 2005, стр. 1; Deren-Antoljak, стр. 221 - 222.
[29] Sartori, Đ., Uporedni ustavni inženjering: strukture, podsticaji i ishodi, 2003, стр. 46-49.

Изведувајќи ја дефиницијата за изборниот систем и самиот процес на неговото конституирање во согласност со битните обележја на политичкиот поредок на државата, меѓу клучните детерминанти, овие автори ја подвлекуваат неговата улога и значењето за природата и развојот на политичкиот систем на определена држава.

Илустративна дефиниција за изборните системи дава Диверже. Изборните системи според него, се навистина „интересна и чудна направа: тие се и камери и проектори. Со други зборови, тие регистрираат слики кои делумно, самите ги креирале."[30] Во продолжение, истиот автор тврди дека изборните системи истовремено, се јавуваат како самостојна, но и како несамостојна варијабла на политичкиот систем. Самостојноста доаѓа до израз кога е во прашање влијанието врз природата на политичките партии и партискиот систем, однесувањето на политичарите и стратегијата на избирачите. Од друга страна, изборните системи се јавуваат како несамостојна варијабла тогаш кога селекцијата на определен изборен модел, зависи во прв ред, од преференциите на политичарите.[31]

### *2.2 Типологија на изборните системи*

#### *2.2.1 За „битните" карактеристики на мнозинскиот, пропорционалниот и на мешовитиот систем*

Поаѓајќи од изборната формула, изборните системи на државите се делат на неколку главни видови, во зависност од повеќе детерминанти, а помеѓу нив постои и богатство од комбинации, т.е. мешовити (комбинирани) системи.[32]

Варијациите помеѓу изборните модели можат да се објаснат поаѓајќи од неколку клучни параметри, како што се големината на изборните единици, гласачките структури, изборниот праг (цензус), големината на парламентарното тело (*"assembly size"*), отворени или затворени кандидатски листи, при што, како најважен критериум се зема токму, изборната формула од која впрочем и зависи распределбата на мандати.

Занимавајќи се со овие прашања, *Gallagher* и *Mitchell* ја изградиле следнава типологија на изборни системи (в. табела 1).

---

[30] Duverger, M., Which is the best electoral system?" (в. кај Lijphart, A. Grofman, B. (eds.), Choosing an Electoral System: issues and alternatives, Praeger, New York 1984, стр. 34.

[31] Ruel, T., 2010, стр. 3.

[32] Така, Duverger (1954); Douglas Rae (1971) според Norris Pippa, Choosing Electoral Systems: Proportional, Majoritarian and Mixed Systems, Harvard University, International Political Science Review, Vol. 18(3) July 1997, стр. 297.

*Табела 1:*

| Основна (поширока) категорија | Посебни типови | Приврзаници |
|---|---|---|
| Системи со едномандатна изборна единица | Едномандатен плурален<br>Алтернативен глас (Alternative Vote - AV)<br>Систем со гласање во два круга | Австралија, Канада, САД, Велика Британија, Франција, Индија |
| Мешовити (комбинирани) системи | Мешовит компензационен<br>Паралелен мешовит систем | Германија, Унгарија, Италија, Јапонија, Н.Зеланд, Русија |
| Системи со затворени листи | | Шпанија, Израел, Ј. Африка |
| Системи со преференцијални листи | Отворена листа<br>Флексибилна листа | Австрија, Белгија, Данска, Финска, Холандија, Чиле |

(*Извор: Gallagher, Michael, Mitchell, Paul. The Politics of Electoral Systems, Oxford: Oxford University Press, 2007,* стр. 5).

Класификацијата на изборните системи е навистина богата и комплексна, иако, сите тие, во најопшта смисла, можат да се вцврстат во три главни категории: а) *мнозински систем; б) пропорционален систем и в) комбиниран (мешовит) систем,* а во рамките на секоја од нив се прави натамошна категоризација (така, "first past the post"или скратено: FPTP – систем, *Block Vote (BV), Alternative Vote (AV), систем со гласање во два круга ("two round system"),* сите тие се варијанта на мнозинскиот систем; кај пропорционалниот систем пак, доминираат следниве неколку облици: систем на изборен количник, Донтов модел, Харов модел, Сент – Лагеов систем, Адамсов модел, итн).

Мнозинскиот и пропорционалниот систем се издвојуваат како два главни принципи на политичко претставување и како такви, меѓусебно се разликуваат со оглед на сопствените претстави за целите на политичкото претставување. Мнозинскиот модел, на пример, во фокусот го има создавањето парламентарно мнозинство од една политичка партија или коалиција, додека пропорционалниот принцип настојува да овозможи претставување и на помалите политички партии, т.е. востановување на повеќепартиски

систем. Познато е дека бројот на политички партии е во обратнопропорционален однос со степенот на пропорционалност на изборниот систем. [33].

*а) Систем на релативно мнозинство гласови* постои во случај кога мандатот го добива оној кандидат којшто освоил најголем број гласови во изборната единица. Родно место на овој систем е Велика Британија. Во услови на негово постоење, избирачкото тело се групира во изборни единици, при што, секоја изборна единица избира по еден претставник за законодавниот дом. Кандидатот којшто освоил повеќе гласови од останатите кандидати, се смета за победник. Постојат притоа, реални изгледи политичката партија која освоила најмногу мандати, да не добие и најголем број на гласови на државно ниво.

*Системот на апсолутно мнозинство* пак, постои во случај кога изборите ги добива оној кандидат којшто освоил половина плус еден глас од вкупниот број запишани избирачи во изборната единица. Во услови кога ниту еден кандидат не добил апсолутно мнозинство гласови во првиот круг, се пристапува кон втор круг гласање, а за победник се смета кандидатот кој освоил најголем број гласови (т.е. доволно е релативно мнозинство). Со примената на ваквиот модел слабее и застапеноста на екстремните политички партии во парламентот.[34] Вториот круг на гласање е познат под називот „балотажа“ (*ballottage*), од причина што во вториот круг се гласа само за кандидатите што во првиот круг добиле определен процент гласови. Контурите на овој систем се поставени во Франција, од времето на Луј – Наполеон (1852). Овој систем, во небаре истоветна форма се применувал и во Петтата република од 1958 година.[35] Според некои извори, вториот круг на гласање („балотажа“) при претседателските избори, наоѓа примена во вкупно 15 од 25 држави со непосредни претседателски избори, вклучувајќи ги тука Австрија, Финска, Колумбија, Русија.[36]

Мнозинскиот систем се применува во услови на поединечни избори или кога избирачкото тело се дели на поголем број изборни единици во коишто само едно лице се избира за пратеник. Во својот наједноставен вид (*simply plurality – “first past the post”*или скратено: *FPTP* - систем), мнозинскиот модел означува дека за победник ќе се смета оној кандидат којшто освоил најголем број гласови *(„whoever gets the most votes, wins“*). Овој модел, во чиста форма е првенствено присутен на британско тло, како и во државите чиишто изборни системи се формирале под влијание на британскиот систем (така, САД, Канада, Индија). Неговата примена, исто така, им е својствена и на Карипските држави,

---

[33] Sartori, 1968; Lijphart, 1984.
[34] Deren-Antoljak, 1992, стр. 225.
[35]Lijphart, A., Electoral Systems and Party Systems: A Study of Twenty-Seven Democracies, 1945-1990, Oxford Scholarship Online, October 2011, стр. 6.
Шкариќ, 2004, стр. 482-482.
[36] B. Norris, 1997, стр. 300 итн.

како и на одредени Латино – американски и азиски држави (Бангладеш, Бурма Малезија и Непал).[37]

Друга поткатегорија на мнозинскиот систем е т.н. *Block Vote* (BV), според која бројот на гласови на избирачите соодветствува со бројот на места коишто треба да бидат пополнети од нивната изборна единица, при што, во принцип, на избирачите им е препуштено да гласаат за одделни кандидати, независно од нивната припадност на определена политичка партија. Овој модел е типичен за државите со слаби или едвај развиени политички партии. Според некои извори, неговата примена во периодот на 2004 година, е регистрирана во следниве држави: Кувајт, Лаос, Либан, Малдиви, Палестина, Сирија, Тонга, Тувалу, Кајманските и Фокландските острови. Block Vote – моделот се применувал и во Јордан – до 1989 година, во Монголија – до крајот на 1992 година, како и во Тајланд и на Филипините – заклучно со 1997 година.[38]

*Alternative Vote* (AV) - Предностите на овој модел (или попрецизно, суб-модел) се изразени најнапред, низ можноста за личен избор од страна на избирачите за некој од предложените кандидати, додека партиите можат да имаат далеку поактивна улога во споредба со претходниот систем.

По однос на мнозинскиот систем со релативно мнозинство гласови, заклучокот е дека неговата примена влијае врз редукцијата на бројот на политичките партии на две поголеми партии (двопартиски систем). Од друга страна, мнозинскиот систем со гласање во два круга го стимулира поврзувањето на политичките партии, без да се намалува нивниот број (повеќепартиски систем). И двата облика ги маргинализираат радикалните и екстремните политички партии, со таа разлика што првиот облик целосно ги исклучува од политичката сцена, а вториот го амортизира нивното дејство со коалицирање во втор круг на оние партии што имаат слична програма или коишто ги обединува заедничката нетрпеливост кон таквите партии.

б) Антипод на мнозинскиот модел е *пропорционалниот* кој овозможува распределба на мандатите меѓу политичките партии во зависност од бројот на добиените гласови во изборната единица. Овој систем е воведен кон крајот на XIX, со цел да ги отстрани недостатоците и диспропорцијата помеѓу освоените гласови на избирачите и

---

[37] Electoral System Design: The New International IDEA Handbook, International Institute for Democracy and Electoral Assistance 2005, стр. 35-38.
[38] *Ibid*, стр. 44.

алоцираните седишта во законодавниот дом, кои се последица на нееднаквоста во однос на големината на изборните единици и примената на одредени техники на гласање, т.е. да се осигура праведно политичко претставување во Парламентот. Оттука и добар дел од западноевропските држави при (ре) дизајнирањето на својот изборен модел се одлучија за некоја од варијантите на пропорционалниот модел.

Овој систем го овозможува претставувањето на политичките партии во зависност од вкупниот број добиени гласови и како таков *може да егзистира само во услови на постоење на повеќепартиски систем, на поголеми изборни единици и на гласање за листа на кандидати.*[39] Неговата основна цел и смисла е да им овозможи на сите политички партии кои учествувале во изборниот натпревар, колку што е можно поправична распределба на мандатите, сразмерно на бројот на освоени гласови,[40] којашто идеја во поширок контекст, е содржана во уставно прокламираното начело за слободни и непосредни избори („избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање, чл. 22 од Уставот на РМ).

Познати се следниве неколку варијанти на пропорционален систем: *пропорционален систем во повеќемандатни изборни единици; компензационен пропорционален систем со изборен праг (цензус); персонализиран пропорционален систем со цензус;" т.н. single – transferable – vote"*систем (или систем на преносливост на поединечниот глас) и *чист пропорционален систем.*[41]

Во досегашната практика на изборите доминираат неколку облика на примена на пропорционалниот систем: *систем на изборен количник; Донтов систем; Баденски систем, Харов систем,* итн. Секоја од овие техники се карактеризира со одредена аритметичка вредност (*"модел на добра аритметика"*).

Според *системот на изборен количник,* бројот на гласовите се дели со бројот на претставниците коишто се избираат во рамките на изборната единица. На тој начин се добива изборен количник како основа за распределба на мандатите во изборната единица. Секоја изборна листа добива толкав број претставнички мандати колкушто изнесува

---

[39] Родно место на пропорционалниот систем е Белгија, а за негов најистакнат поборник се смета Џон Стујарт Мил. Според него, нема еднакво право на глас, ако во некоја заедница секоја единка не вреди колку која било друга индивидуа, Mill, S.J., Izabrani politički spisi, Informator, Zagreb, 1989, стр. 76 според Шкариќ, С., 2004, стр. 483.

[40] Deren-Antoljak, Š., Izbori i izborni sustavi, DRUŠ. ISTRAŽ. ZAGREB 2/GOD. 1 (1992), Br. 2, стр. 226.

бројот на количниците содржани во вкупната сума на гласовите што ги има добиено таа листа.

На пример, изборниот количник во изборната единица со три мандата и 30.000 гласови изнесува 10.000. Ако во изборите листата А добила 20.000, а листата Б 10.000 гласови, првата листа добива два, а втората еден мандат. Ваквиот систем обезбедува точна математичка распределба на мандатите меѓу двете партии што се носители на листите А и Б, што не е случај со мнозинскиот систем според кој, партијата што е носител на листата А ги добила сите три мандати. Како недостаток од друга страна ѝ се припишува тоа што не е во можност секогаш со изборниот количник да ги подели сите добиени гласови на рамноправни делови, без остаток.

*Донтовиот систем* (според белгискиот математичар Донт) е систем на најголем изборен количник со којшто се настојува да се отстранат недостатоците на системот на изборниот количник на ниво на изборната единица. Овој принцип ги фаворизира поголемите политички партии како би се постигнало стабилно парламентарно мнозинство, а воедно и стабилна и демократска влада. Донтовиот систем претпоставува поделба на повеќе поголеми изборни единици во кои се бираат повеќе претставници – кандидати, истакнати на кандидатските листи на политичките партии. По завршувањето на изборите најнапред се утврдува избирачката маса на секоја партиска листа. Притоа, бројот на гласовите на секоја изборна листа се дели со 1, 2, 3, 4 итн., сè до бројот на претставниците кои се избираат во определена изборна единица. Добиените количници се средуваат по нивна големина, при што, се земаат предвид толку најголеми количници колку што има претставнички мандати во изборната единица. За разлика од изборниот количник, Донтовиот систем ги дели сите гласови без остаток, но и тој не ги зема предвид гласовите што не влегуваат во највисокиот количник кои изборните листи ги губат неповратно.[42]

Овој недостаток на извесен начин го отстранува *Баденскиот систем* (воведен со Уставот на Баден од 1919 година) на распределба на мандатите.

Според овој систем, политичките партии за време на изборите истакнуваат две кандидатски листи: листа за секоја изборна единица и општа листа за целата земја. Неискористените гласови од посебните листи на сите изборни единици се пренесуваат на општата листа и истите се делат со количник утврден со устав или закон, како основа за

[42] Deren-Antoljak, стр. 227. Донтовиот модел инаку, се применува во Србија и во повеќе европски држави и води кон благо фаворизирање на најголемите политички партии.

доделување на претставничките мандати (на пример, Уставот на Баден предвидува фиксен количник од 10. 000 гласа за еден претставнички мандат).

*Харовиот систем* пак, се потпира врз настојувањето за претставување на сите делови од избирачкото тело на најсовршен начин. Попрецизно, избирачите гласаат за еден кандидат од листата на повеќе кандидати, но по утврден ред на гласање. За пратеници се избрани оние кандидати што добиле највисок процент на први места, па потоа кандидатите со втори места, итн., во зависност од тоа колку претставнички мандати има изборната единица. Еднаквоста во претставувањето се постигнува на тој начин што се определува просечниот број на избирачи на ниво на земјата, како делител на бројот на претставничките места во земјата. Секој кандидат кој ќе ја освои утврдената квота ќе биде избран за пратеник, независно од бројот на изборните единици, а вишокот од гласовите им се препушта на другите кандидати, сè до пополнувањето на пратеничките места.

Гласањето е локално, но секој избирач има слобода да гласа за кој било кандидат, независно во кој дел од земјата е кандидиран. Оние коишто не сакаат да гласаат за локалниот кандидат, можат да гласаат за кандидатот што тие ќе го допишат на изборната листа, како прв или втор избор. Листата можат да ја прошират и на поголем број кандидати. На ваков начин, Харовиот модел овозможува претставување на избирачите како личности, а не претставување на изборните единици како географски и статистички творби. И не само тоа, една од суштинските вредности кои му се припишуваат на овој систем е и таа дека придонесува за претставувањето на сите видови малцинства, во зависност од нивниот број во општеството.[43]

Како една од можните варијанти на распределба на мандатите се јавува и *Сент – Лагеовиот систем,* кои им е својствен на скандинавските држави (Данска, Шведска, Норвешка), а една од неговите основни карактеристики е во тоа што ги фаворизира средните и помалите политички партии.[44]

*Изборен цензус.* Друга важна специфика на пропорционалниот систем е *изборниот цензус,* т.е. законски фиксиран процент на гласови што политичката партија мора да го освои за да може да влезе во парламентот. Сите држави во кои распределбата на мандатите се врши според пропорционалниот систем предвидуваат определен изорен

[43] Шкариќ, 2004, стр. 485-487;
[44] B. Deren-Antoljak, стр. 227.

праг, зависно од политичката традиција во една држава. Изборниот цензус (праг), претставува еден битен елемент на изборниот систем. Тој во теоријата најчесто се дефинира како *минимално ниво на подршка потребна на една политичка опција да може да учествува во работата и структурата на претставничкото тело*[45].

Одредувањето на изборниот праг најчесто е предмет на правната регулатива на една држава и тој се применува како на национално ниво, така и во поединечните изборни еденици. Во Западно европските држави постои и таканаречен ефективен *(effective)* изборен цензус, кој зависи од големината на изборната единица. Во државите кои имаат изборни единици, посебно е интересен фактот што зависно од големината на изборната единица, се намалува или се зголемува изборниот праг. Така, помалите изборни единици имаат голем ефективен изборен праг, додека поголемите изборни единици имаат помал изборен праг, што покажува дека поделбата на една држава на изборни единици, може да претставува една добра алатка за владеачките политички опции да манипулираат со изборниот систем.

Изборните праг е различно детерминиран во поедини земји. Република Србија, на пример, има висок изборен праг од 5 проценти, што значи дека поголем број од нејзините политички опции, па и малцинските партии, не се во можност да се вклучат во работата на претставничкото тело.

Парламетарните избори во 2014 покажаа дека многу малку политички опции го поминаа прагот од 5 проценти, овозможувајќи им само на поголемите политички опции се најдат во претставничкото тело. Слични решенија постојат и во останатите балкански држави, со тоа што во Грција се применува изборен праг од 3 проценти, додека во Република Македонија, не постои изборен праг, поаѓајќи од настојувањето за овозможување политички плурализам на највисоко ниво.

Трендот во западните земји е изразен низ определбата за статуирање понизок изборен праг, како би се осигурало (подобро) остварување на политичкиот плурализам, како и посоодветна застапеност на малцинските политички опции. Холандија предничи на овој план, со воведување на изборен праг од 0,67 проценти (што е и еден од најниските во Европа), што е одраз на културната и на политичката традиција на државата, која со

[45] Климовски, С., Каракамишева, Т., Дескоска, Р., Политички систем. Просветно Дело Скопје, 2001.

ваквиот приод, креира позитивни можности за вклучување на поголем број политички партии во претставничкото тело.

Гледано низ призма на политичката теорија, нискиот изборен праг има многу предности: овозможува претставување на речиси сите политички партии, вклучително и на помалите малцински опции кои во вакави услови, посеопфатно можат да ги остварат своите демократски права, и во крајна линија, придонесува за поефикасен развој на политичкиот плурализам. Посебно е евидентно дека во поновите пост-социјалистички демократии е подобро да се има низок изборен цензус, за да се развие демократската култура во една земја.

Единствениот недостаток на решението за низок изборен праг, лежи во тоа дека при ваква определба, повеќето политички партии би требало да коалицираат за да добијат мнозинство, што значи дека поголем број партии со различни политички идеологии би требало да формираат влада, која не секогаш е стабилна, поради различните превирања внатре во коалициите.

*Изборни листи.* Прашањето за *изборните листи* пак, во рамките на овој модел, се решава низ воведувањето затворени (*closed list*) отворени (*opened list*) и полу-отворени листи на гласање (*semi-open list, ordered list*). Во државите кои практикуваат затворени или врзани листи граѓаните, нумерички изразено, имаат еден глас, кој можат да го доделат (само) на изборната листа во целина. Во компаративното изборно право, овој систем уште е познат под називот „непреференцијален систем“, а се применува во Шпанија, Португалија, Унгарија, Хрватска и Бугарија.[46]

Кај системот на полу – отворени листи на избирачите им е оставена поголема можност за избор, така што, тие можат да гласаат или за една политичка партија или пак, за еден од кандидатите на понудените изборни листи. Доколку избирачите се определат за еден од кандидатите, тогаш, тој може, со собирање на „персоналните“ гласови, да освои повисока позиција на изборната листа. Се истакнува дека предностите на овој модел функционираат добро само на теоретско ниво, бидејќи во пракса кандидатите позиционирани на крајот на изборната листа, треба да освојат исклучително голем број на гласови како би можеле, макар минимално, да се поместат од ваквата позиција. Од овие причини и кај полу - отворените листи на гласање, политичките партии можат да влијаат

[46] В. за ова и Farell, D.M., Electoral Systems: A Comparative Introduction, Palgrave, 2001, стр. 82.

врз изборот на „своите“ кандидати, што се врши по пат на поставување на “ударни“ позиции на изборните листи, на кандидати кои ги преферира самата партија, а пак, на пониско рангираните места се наоѓаат оние кандидати кои многу тешко можат, преку „персоналните“ гласови, да си обезбедат подобра позиција. Моделот на полу – отворени изборни листи наоѓа примена во Австрија, Белгија, Холандија, Норвешка, Шведска, Данска, Полска, Чешка, Словачка, Словенија.[47]

За држави со најфлексибилен модел на изборна листа се сметаат Финска, Луксембург и Швајцарија. *Принципот на отворени листи* им остава можност на избирачите да се определат за *своите фаворити,* од различни политички опции. Гласачите располагаат со онолку гласови колку што се бираат кандидати во изборната единица, а своите гласови можат да ги распоредат на некој од следниве начини 1) да гласаат за целата листа, т.е. за секој кандидат од листата (како што е во системот на врзани листи); 2) да ги кумулираат своите гласови, така што, два гласа ќе му бидат доделени на еден кандидат од листата (покрај името на секој кандидат, стојат и две празни полиња кои можат да бидат пополнети) или 3) да ги распоредат своите гласови на кандидатите од различни изборни листи.[48]

Селекцијата на определен тип на на изборни листи има далекусежни последици по однос на начинот на кој граѓаните гласаат за своите избраници, како и во поглед на методот на кој политичките партии вршат персонална распределба, т.е. доделување на поединечните кандидати.

### *2.2.2 Аргументи pro et contra*

На теоретски план, и денес постои извонредно жива дискусија за предностите и недостатоците на мнозинскиот и на пропорционалниот систем на распределба на мандатите.

Така, привrзаниците на пропорционалниот систем тврдат дека неговата предност најдобро доаѓа до израз низ следниве аргументи:

- ги коригира аномалиите на мнозинскиот систем, со тоа што еднакво го вреднува гласот на секој избирач и го одразува расположението на избирачкото тело;

---

[47] Pejić, I., Izborna lista u srazmernom predstavništvu - iskustvo Srbije (Izbori u domaćem i stranom pravu), Institut za uporedno pravo Beograd, 2012, стр. 82.
[48] Последниот метод, во својот чист облик се применува во Швајцарија и во Луксембург.

- влијае на начин што ги спречува драматичните политички пресврти, кои не се толку резултат на некаква суштинска промена во политичките ставови на избирачите, колку што тоа може да се припише на “ефектот на диспропорција“ на изборниот систем;

- го овозможува претставувањето и на помалите политички партии, со што го спречува нивното потиснување од поголемите партии, или со други зборови, оневозможува настанување на т.н. доминантни партиски системи, во кои доминантната улога на една политичка партија е главно резултат на определбата за одреден тип на изборен модел, а демократските промени се сериозно отежнати, до мера што во многу случаи се чинат и невозможни. На тој начин, секоја политичка партија дури и со мал процент на освоени гласови, добива можност да биде застапена во парламентот, што е во согласност со начелото на инклузија кое е од суштинско значење за стабилноста, особено во поделените општества;

- ги поттикнува политичките партии на кампањи надвор од единиците во кои имаат силна поддршка од избирачите (т.е. таму кадешто изборниот резултат е небаре однапред познат);

- води сметка за општествените промени и новите политички струења при поделбата на мандатите според бројот на гласови и

- ги поддржува општите интереси на штета на локалните и партикуларните.

Пропорционалниот систем многу повеќе го задоволува барањето за постоење на праведни и фер избори. Меѓу другото, тоа е така и поради тоа што во услови на функционирање на ваков модел, секој избирачки глас се зема при конечната распределба на мандатите помеѓу различните политички партии, и натаму, во изборот на победникот. Поинаку е, од друга страна, кај мнозинскиот систем каде општиот впечаток е дека влијанието на поединечните гласови е речиси незначително. Од изборниот модел (мнозински или пропорционален) зависи во битна мера и одѕивот и интересот на граѓаните за изборниот процес. Одѕивот на гласачите е секогаш поголем кај пропорционалниот систем, што е и логично ако се појде од објаснувањето дека во вакви услови, перцепцијата на гласачите е дека нивниот глас, по завршувањето на изборниот процес нема да биде „загубен“ (*“wasted votes“*) и ќе биде соодветно претставен во Парламентот. Дотолку повеќе, онаму каде што постои преференцијално гласање избирачите имаат чувство дека директно влијаат врз изборниот резултат, преку можноста

да извршат соодветно рангирање на номинираните кандидати. Впечатокот што се создава кај нив е дека нивниот глас навистина добива во својата тежина и значење и може да направи промени во поглед на конечниот исход.[49] И не само тоа, пропорционалниот модел поставува извесни рестрикции по однос на растот (само) на одделни региони или општини. Ова е така, со оглед на фактот што системот ги апострофира помалите политички партии кои имаат помалку места, па, оттука и мала е веројатноста дека ќе дојде до ситуација во која една политичка партија би ги уживала сите места во одредена општина или покраина.[50]

Повеќе автори пропорционалниот изборен дизајн го сметаат за особено важен за државите од групата на понови демократии, бидејќи може да обезбеди соодветна вклученост на сите позначајни актери што е клучен услов за демократска консолидација.

Моделот гарантира поголема стабилност и континуираност на политичкото дејствување. Искуствата на западноевропските држави сведочат дека пропорционалните системи покажуваат подобри резултати во поглед на оддржливоста, учеството на избирачите, но и во однос на економскиот напредок. Причините за тоа треба да се бараат во некои од главните недостатоци на мнозинскиот систем (т.е. некој од неговите појавни облици), како што е на пример, постоењето во рамки на владината гарнитура, на две идеолошки поларизирани политички партии (така, *"first past the post"* системот), што во знатна мера, го отежнува долгорочното економско планирање. Наспроти ваквите слабости, пропорционалниот систем со широка коалициска влада придонесува за стабилноста и кохерентноста во процесот на одлучување што пак, игра важна улога за севкупниот национален развој. Овој систем има и една друга предност, во таа смисла што ја прави поделбата на моќта помеѓу политичките партии и интересните групи далеку повеќе видлива. Денес во многу (нови) демократски држави поделбата на моќта помеѓу „т.н. политичкото мнозинство" и „економското малцинство," е сосема реална слика.

Сумарно земено, предноста на пропорционалниот изборен модел е во основното правило врз кое се заснова и самиот систем, а тоа е вршење на распределбата на мандадите во зависност од уделот на гласови освоени од страна на одредени кандидати или политички партии. Како таков, системот е базична точка на концептот за

[49] Orlović, стр. 7; Electoral System Design: The New International IDEA Handbook, стр. 58.
[50] *Ibid*, стр. 58.

консензуална демократија и обезбедува поголема умереност помеѓу политичките партии, односно го зајакнува легитимитетот на целокупниот политички поредок, овозможувајќи меѓу другото и поголема застапеност на малцинските групи, како дополнителна гаранција за афирмативните акции на државите.[51]

Познатиот американски политолог *Arend Liphart,* во своето импресивно дело „Демократиите во плуралните општества“ подвлекува дека мнозинската демократија во етнички поделените општества не само што е неправедна, туку е и опасна, бидејќи води кон трајно исклучување на одредени помали етнички заедници од пристапот кон власта.“ Во таа насока, авторот предлага неколку елементи кои ја конституираат т.н. консоцијациска демократија и едновремено, го ограничуваат мнозинското владеење. Првиот и најважен елемент е фактот дека на власт е широката коалиција на политичките лидери на сите позначајни сегменти на одредено плуралистичко општество, што претпоставува дека сите поважни политички партии ја делат власта. Вториот елемент го акцентира барањето за пропорционална репрезентација, т.е. пропорционален изборен модел. Трето, побалансиран однос помеѓу егзекутивата и легислативното тело (за разлика од мнозинската демократија каде доминира егзекутивата) и четврто, малцинско вето за определени прашања поврзани со идентитетот, културата, образованието, итн., како дополнителна заштита на виталните малцински интереси

Настојувајќи да ја намалат неговата вредност, противниците на пропорционалниот систем упатуваат на неколку критички точки кои исто така, треба да се земат предвид при одлучувањето за изборниот дизајн на системот. Уште повеќе, согледувањето на позитивните страни и на слабостите на одделните видови и варијанти на изборните системи е од непроценлива важност, со оглед на ефектот што тие го имаат врз политичкиот систем на државата. Како најзначајни консеквенции или ефекти на изборните системи се идентификувани токму сразмерноста на бројот на гласови со претставничките места, со оглед на бројот на политички партии, формирањето коалициони влади или доминација на моделот познат како *“single-party governments“* и претставувањето на социјалните групи.[52]

---

[51] Deren-Antoljak, стр. 226.
[52] Ruel, 2010, стр. 7.

Овие автори на преден план, ја доведуваат во прашање комплексноста на системот, како и неговата проблематичност од практична гледна точка. Натаму, според нивните тврдења, пропорционалниот систем го зајакнува претставувањето на политичките партии, на штета на претставувањето на избирачите како личности. И трето, со изборот на пратеници од редот на поголем број политички партии, овој систем води кон лабави коалициони влади и послушен парламент.[53]

Независно од ваквите тези, се чини дека аргументите сепак, одат во прилог на пропорционалниот систем и тоа, посебно од аспект на основните демократски вредности (фер и справедливи избори, итн.). Посебно се укажува и на тоа дека добар дел од западно европските држави, решавачки ја напуштија примената на мнозинскиот систем, што е уште една потврда на тезата дека овој систем, секојдневно и со голема динамика губи од својата популарност. Оттука, може да се извлече и општиот заклучок дека во денешни услови, пропорционалниот изборен систем претставува најадекватен изборен дизајн, т.е. модел на спореведување на изборите.

*2.2.3 Структура на изборниот систем; изборна техника*

Во еден изборен систем, како особено важно место зазема и прашањето за изборната техника, сфатена како збир на дејствија и инструменти за примена на избирачкото право во изборниот процес. Иако станува збор за техника, сепак, преземените дејствија и инструменти за примена на избирачкото право не се одликуваат само со својот технички и организационен карактер, туку, истовремено, се наметнуваат како важно политичко прашање. Тоа е така, затоа што од изборната техника суштински зависи и остварувањето на избирачкото право и неговите ефекти врз развојот на демократијата во одредено општество.

Помеѓу одделните дејствија и инструменти на изборната техника како особено релевантни се издвојуваат следниве: а) кандидирање; б) изборни единици; в) поединечни избори и гласање за листа и г) распределба на претставничките мандати.

*а) Кандидирањето* или предлагањето кандидати е појдовна фаза на изборниот процес и од неа, во голема мера зависи и демократскиот карактер на изборите. Ако избирачите имаат влијание врз предлагањето кандидати за носители на политички и други

[53] Шкариќ, 2004, стр. 486-487.

функции, во таков случај, изборите можат да бидат демократски чин. Доминираат притоа, три субјекти на предлагање на кандидати за изборни функции: политичките партии; граѓаните и политичките движења. Решавачки улога во предлагањето на кандидатите имаат политичките партии (клучен фактор на изборите), при што, во зависност од различниот историски контекс на државата, се диференцираат три облици на кандидирање (од страна на политичките партии):

1) определување на кандидати од партиското раководство (познат уште како систем на *caucus,* развиен во САД во почетокот на XX век, а се применува и во Обединетото Кралство).

2) определувањето на кандидати од членовите на партијата (систем на партиски конвенции или локални партиски одбори, формирани со цел да ги утврдат можните кандидати во договор со партиското членство; ваквиот облик наоѓа примена во РМ, како и во повеќето балкански држави) и

3) определување на кандидати од симпатизерите на партијата (развиен во САД, како модел на примарни избори. Последниов се смета за подемократски облик на кандидирање од претходно наведените, меѓутоа и кај него останува истиот проблем, а тоа е дека во сите три системи партиското раководство ги определува кандидатите[54]).

Втор клучен субјект кај предлагањето кандидати се граѓаните. Во практиката доминира групната кандидатура или кандидатурата чијшто носител е група граѓани. Со помош на оваа кандидатура се создава простор за независните кандидати зад кои не стојат политичките партии и нивните *пропагандни машини.*

*Политичките движења или другите облици на непартиско здружување* се трет субјект на кандидирањето, но исклучиво во мал број земји со еднопартиски систем или со неразвиен политички плурализам.

*б) <u>Изборни единици.</u>*

Изборните единици се помали или поголеми делови од државната територија во коишто се избираат народните претставници. Тие го сочинуваат оној елемент од изборниот систем кој е од витално значење за *изборните шанси* на политичките партии и оттука, најдиректно влијае врз резултатите од изборите. Тоа е, меѓутоа и едно од

[54].Шкариќ, Силјановска, Уставно Право, 2007, стр. 473.

најспорните прашања, кое не ретко е изложено на бројни критики и негодувања од политичките гарнитури во една земја, но и кај пошироката јавност. Познатиот американски политолог *Arend Liphart,* при определувањето на изборната единица, како релевантна ја зема нејзината големина, односно бројот на претставници кои се избираат во неа.

Изборните единици се формираат врз територијален принцип и во согласност со тоа, нив ги сочинуваат сите избирачи или сите жители на определена територија. При нивното формирање како суштински се земаат следниве критериуми: бројот на избирачи во изборната единица; бројот на жителите во изборната единица и совпаѓањето на изборните единици со административно-територијалната поделба на државата на општини и на други територијални единици[55].

Поделбата на изборите единици може да се изврши на два начина и тоа:

а) поделба на изборни единици, кои имаат приближен број на граѓани во нив и од нив се избрира еднаков број на претставници во претставничките тела (овој принцип се применува во САД и во Обединетото Кралство) и

б) поделба на изборни единици кои се со различен број на граѓани и со тоа се избираат различен број претставници во претставничките тела и во овој случај, треба да се пресмета колку пратеници би добила секоја изборна единици.

Поделбата на изборни единици соодветно се менувала и адаптирала на демографските промени и на миграциските движења. Основен принцип врз кои се зановаат системите на речиси сите демократски држави е оној кој поаѓа од барањето за еднаквост на избирчкото право, т.е. еднакво вреднување на секој избирачки глас.

Изборните единици можат да се разликуваат во зависност од бројот и од големината, т.е. од бројот на мандати кои треба да се поделат. Оттука, тие можат да бидат едномандатни (*single-member district*) и повеќемандатни (*multi-member district*), а разликата е во тоа што кај едномандатните, се избира еден кандидат, додека кај вторите се врши избор на повеќе кандидати. Повеќемандатните изборни единици можат да бидат од помал размер (2-5 мандати), натаму од среден размер (6-10 мандати), а може да постојат и големи повеќемандатни изборни единици (над 10 мандати). Постојат и примери во кои

[55] ibid стр.474

целата територија на државата претставува една изборна единица во која се избираат сите претставници на Парламентот. Притоа, бројот на претставниците кои се бираат е од суштинска важност (кај пропорционалните изборни системи), оттаму што, *колку што е помала изборната единица (т.е. бројот на кандидати кои се избираат во неа), толку е и помал ефектот на пропорционалност кај овој тип на изборни системи.* Тоа, натаму, ги редуцира можностите на помалите политички партии да влезат во Парламентот.[56]

Прпорционалниот изборен систем, природно се применува во изборните единици во кои се избираат повеќе претставници, додека мнозинскиот систем наоѓа примена во оние во кои се врши избор на еден кандидат. Постојат меѓутоа, и држави (така, Сингапур), во кои независно од тоа што не е прифатен пропорционалниот модел, сепак, државната територија е поделена на изборни единици во кои се избираат повеќе кандидати. Бројот на кандидатите кои се избираат во една изборна единица може да варира, но најчесто е (или подобро, треба да биде!) во тесна врска со бројот на избирачите што живеат во изборната единица. Тоа значи дека населението во изборните единици треба да биде константно надгледувано, како би се спречила евентуална видна непропорционалност при спроведувањето на изборите. Во Грција, на пример, можна е промена на изборните единици, на секои десет години, во зависност од населението во изборните единици.

Во земјите во кои провладува практиката на повеќе изборни единици, многу често се вршат *манипулации со изборните единици (gerrymandering)*: една политичка опција вештачки создава изборни единици, како би ги уништила упориштата на опозицијата и би ги добила изборите. Познати се и случаи на делење на поголема изборна единица на неколку помали, со што послабата политичка опција би добила, по правило, ист број на претставници колку што има и посилната опција. Можно е и ограничување на мандатите во една изборна единица, со цел повторно да се намали бројот на гласови кои би и припаднале на опозицијата.

Во принцип, поголемите изборни единици повеќе им одговараат на поголемите политички партии, додека помалите се од поголем изнтерес за граѓаните. Тоа е така затоа што во услови на постоење на поголеми изборни единици пресудно влијание имаат партиските структури, кои едновремено ги составуваат и кандидатските листи, додека во помалите изборни единици, политичките партии се лишени од ваквото влијание. Воедно,

[56] Orlović, стр. 5.

во поголемите изборни единици во кои живее огромен број на избирачи, тие, не мора да ги познаваат сите кандидати - повеќе се гласа за партиска листа, додека во помалите изборни единици, избирачите добро ги познаваат кандидатите, нивните лични и професионални особини, со што можат и поцелисходно да го дадат својот глас.

Денес, повеќето држави ја прифаќаат поделбата на државната територија на повеќе изборни единици. Постојат, од друга страна и држави кои остануваат на принципот на една изборна единица: цела територија на државата - една изборна единица, бранејќи го ваквиот приод со уверувањето дека граѓаните, со примената на овој принцип, подобро можат да го остварат своето демократско право на глас. Иако, во повеќето земји во Западна Европа, државната територија се дели на повеќе изборни единици, сепак, тие немаат пресудно значење при распределбата на места во претставничкото тело. Пример за тоа се Холандија и Италија, односно иако, нивната државна територија е поделена на 20, т.е. 26 изборни единици кои имаат улога при самото гласање, сепак, востановената поделба е ирелевантна при распределбата на мандатите во претставничките тела.

Не смее да се пренабрегне и тоа дека поделбата на државната територија на повеќе изборни единици, го доведува во прашање остварувањето на малцинските права. Ваква практика препознаваме на американско тло, каде долго време одделни (јужни) држави вршеле манипулации со изборните единици за да го отежнат, а и во некои случаи, и да го оневозможат гласањето и избирањето на афро-американците во претставничките тела. Без претерување, може да се констатира дека државите кои опстојуваат на принципот цела државна територија - една изборна единица, можат да осигураат и поголема и подобра вклученост на малцинствата, но и на помалите политички партии.

Со други зборови, напуштањето на моделот кој поаѓа од поделбата на повеќе на изборни едници, т.е. определбата за концептот согласно кој државата би претставувала една изборна единица, наоѓа свое упориште во идејата за оживотворување на демократијата во нејзината вистинска смисла, овозможувајќи им на помалите политички партии, како и на независните граѓани, да дојдат до политичка функција и со тоа, да овозможат поефикасно остварување на правата на граѓаните, односно на преставничката демократија.

Проблемите што произлегуваат од поделбата на повеќе изборни единици се бројни и разновидни и имаат видни реперкусии врз демократските процеси на една држава.

Поделбата на повеќе изборни единици го отвора и проблемот кој стои во директна врска со миграцијата на населението, посебно во земја како Република Македонија, во која граѓаните ретко ги ажурираат своите лични документи па неретко, се случува еден граѓанин кој е заведен во една изборна единица, да живее во друга, со што во најголем број на случаи, граѓанинот се откажува од своето демократско право на глас.

Напуштањето на концептот на поделба на повеќе изборни единици, им погодува и на помалите изборни единици, бидејќи со зголемувањето на изборната единица, едновремено се намалува изборниот праг и со тоа им се овозможува на повеќе политички партии да бидат вклучени во процесот на избирање.

## *3.Компаративни искуства*

### *3.1. Општо за изборните модели и техники во државите од поблиското и од поширокото соседство*

Искуствата на државите од поранешна Југославија варираат од држава до држава. По распаѓањето на СФРЈ, некои од нив се определија за мнозинскиот систем, други, за пропорционалниот, а пак, трети го избраа мешовитиот изборен модел.

Најголем дел од нив застанаа на позициите за пропорционалниот модел со поделба на државната територија на изборни единици, а како најблизок до домашниот приод, се издвојува хрватскиот кој, исто така, го следи принципот на поделба на државната територија на шест изборни единици. Србија, исто како и Хрватска, во почетокот на деведесеттите години од минатиот век го применуваше пропорционалниот систем во два изборни круга, според кој само кандидатите кои во првиот изборен круг освоиле над педесет проценти од гласовите, можеа да партиципираат во вториот изборен круг. Државите, скоро и да беа едногласни во поглед на определбата за правото на едно лице - еден глас, со исклучок на Словенија која не го применува споменатово правило но, само тогаш кога се во прашање припадниците на унгарското и на италијанското малцинство.

По однос на распределбата на мандатите, балканските земји се определија за Донтовиот и за Сант-Лагиевиот метод, а разликата помеѓу нив е главно, математички заснована, без некакви повидливи реперкусии во поглед на самата распределба на мандатите во претставничкото тело.

Во почетокот на деведесетите години од минатиот век, мнозинскиот изборен модел уживаше доминантна позиција во погоре споменатата група на држави. Неговата примена најмногу им одговареше на поединечните политички структури, кои на ваков начин, скоро и да си обезбедија сигурна победа на изборите, имајќи го предвид отсуството на соодветно (побогато) политичко искуство.

Со ерозијата на моќта на поранешните социјалистички партии во земјите од поранешна СФРЈ, започна тренд на воведување на пропорционалниот модел, чијшто главен протагонист е еден од најголемите политички филозофи, Liphart, за кого главната придобивка на пропорционалниот модел е во тоа што им овозможува на сите политички субјекти, да бидат вклучени во процесот на одлучување, и како таков, претставува чекор поблиску кон вистинската претставничка демократија. Единствениот проблем на пропорционалниот модел Liphart го лоцира во изборниот праг кој може да варира од 0,67 во Холандија, до пет проценти во Германија и во Србија.

Денес, повеќето држави следат различен принцип на поделба на изборните единици, иако, заедничко на сите нив им е дека имаат сатбилни демократски влади или тежнеат кон унапредување на стабилноста како главен предуслов за интегрираше во евопското семејство и во евро-атлантските структури. Во продолжение, накусо ќе бидат елаборирани позитивноправните решенија во неколку држави, осврнувајќи се притоа и на оние кои почиваат врз определбата цела државна територија - една изборна единица.

### *3.2 Словенија*

Словенечкиот Парламент е составен од два дома, односно од Државното собрание кое го сочинуваат 90 пратеници избрани според пропорционалниот модел, со изборен праг од 4%, и Државен совет чиј состав го исполнуваат претставници на работодавачите, земјопоседниците, земјоделците, итн.

Државната територија на Словенија е подела на *десет изборни единици*, од кои во осум се избираат по 11 пратеници за словенечкото Собрание, додека останатите две се резервирани за претставници на италијанското и на унгарското малцинство за кои изборот се врши според Хареовиот метод. На тој начин, создадени се солидни можности за малцинските групи, да го остварат своето право на одлучување во претставничките тела. За државниот совет пак, се формираат дваесет и две изборни единици во кои се избира по

еден претставник од локалните заедници, а распределбата на мандатите и во двата дома се врши според Донтовиот метод.

Високиот изборен праг од 4% продуцира негативно влијание, елиминирајќи ги помалите политички опции. За време на претходните парламентарни избори во Словенија се разви силно движење чиишто приврзаници ја бранеа идејата за трансформација на досегашниот модел во моделот цела државна територија – една изборна единица. Во прилог на ваквата определба беа изнесени повеќе аргументи. *Првиот* е поврзан со самото избирачко право и напуштањето на елиминацијата на независните граѓански структури. *Вториот аргумент* наоѓа основа во растечката криза во државата во која двете најголеми политички партии - Словенечка демократска странка (SDS) на Јанез Януш (обинет за корупција и осуден на долга затворска казна) и Социјални Демократи (SD), партија настаната од поранешниот Сојуз на комунистите на Словенија, губат голем број на гласачи. Аналитичарите укажуваат на тоа дека на Словенија и е потреба нова алтернатива, а досегашниот изборен модел тоа практично го оневозможува, бидејќи севкупната политика ја диктираат двете најголеми политички опции, т.е. SDS и SD, создавајќи на тој начин, очигледни бариери, по однос на можноста за помалите политички партии да влезат во претставничкото тело. Оттука, изворите говорат дека со оглед на политичката криза во земјата која бележи нагорен тренд, постојат реални изгледи Словенија во скоро време, да го акцептира принципот на една изборна единица.

### *3.3 Хрватска*

Од моментот на осамостојувањето, Хрватска претрпе најмногу измени на Изборниот законик, меѓу другото и во поглед на поделбата на државната територија на изборни единици. Од првично прифатениот мнозински модел, со текот на времето, полека премина на пропорционалниот изборен модел, кој се применува и денес. Вреди да се спомене во овој констекст, дека во периодот на распаѓањето на Југославија, изборниот систем беше првенствено креиран од Хрватската демократска партија (Hrvatska demokratska zajednica - HDZ), која имаше голем удел во конципирањето на севкупната политика на државата.

Во периодот 1990-1997 година, хрватскиот систем се карактеризираше со постоење на два дома, и тоа: Собрание (Застапничког Дома) и Жупански дом. Денес, постои

еднодомен систем - Парламент (т.е. Хрватски Сабор) во кој се избираат околу 151 пратеник од кој 140 доаѓаат од изборните единици. Хрватскиот устав е интересен по тоа што определува минимум и максимум број претставници - најмалку 100, а најмногу 160 пратеници[57], коешто решение е резултат на заложбите на тогаш доминантната политичка партија во Хрватска (Хрватска демократска заедница), која им овозможи на своите членови да останат подолго време на чело на политичкиот систем.

Територијата на државата е поделна на дванаесет изборни единици од кои во десет од нив, согласно Изборниот законик, се избираат 140 пратеници, односно по четиринаесет пратеници по изборна единица, додека во изборната единица единаесет се избираат претставници од дијаспората, а во изборна единица дванаесет претставници од редот на малцинските заедници. Се применува Донтовиот Модел за распределба на мандатите.

Проблемот на поделба на изборни единици во Хрватска беше увиден на изборите во 2003 година, кога изборните резултати во изборната единица единаесет и овозможија на една политичка опција да остане на власт, што секако, не можеше да се премолчи со оглед на тоа дека избирачите од редот на дијаспората тешко можат да ја увидат севкупната внатрешна ситуација во земјата. Тоа е уште еден дополнителен аргумент кој говори во прилог на оправданоста од свртување кон принципот на една изборна единица, кој за основно го зема барањето за спречување на секакви малверзации со изборните гласови од редовите на дијаспората.

Во Хрватска, како и во Словенија, во последниве неколку години се јавува силно движење за трансформирање на постојниот модел, т.е. приклонување кон определбата цела држава - една изборна единица. Оваа иницијатива произлезе од Социјалистичката партија која ги афирмира(ше) своите заложби, при следните парламентарни избори, да се напушти постојната поделба на државната територија на дванаесет изборни единици и наместо тоа, да се прифати модел: цела држава – една изборна единица. Предлогот на СДП, сосем очекувано, беше предмет на критики и контроверзии и жестоко беше отфрлен од неколку десничарски партии, кои гласно се спротивставија на идејата за воведување на една изборна единица, пред сè, заради нивната очекуваната (сигурна) победа во

[57]http://www.usud.hr/uploads/Redakcijski%20prociscen%20tekst%20Ustava%20Republike%20Hrvatske,%20Ustavni%20sud%20Republike%20Hrvatske,%2023.%20ozujka%202011.pdf

дијаспората. СДП поднесе и предлог за укинување на гласањето во дијаспората што наиде на позитивни размислувања кај голем број политички субјекти во Хрватска.

### *3.4 Србија*

Изборниот модел во Србија, по повеќе свои белези се доближува (ше) до хрватскиот изборен систем. Во почетокот, во Србија се применуваше мнозинскиот модел, за подоцна се прибегне кон мешовитиот систем и на крајот, кон чистиот пропорционален модел. Социјалистичката партија на Србија (СПС), во зависност од својата политичка моќ, ја делеше државната територија од девет до дваесет и девет изборни единици, а во тие изборни единици се избираа 21 пратеник од Србија и 31 од Црна Гора (вкупно 126 пратеници).

Владеачката СПС и нејзините коалициони партнери - Југословенската Левица и Нова Демократија, со поделбата на државната територија на изборни едници и нивно „прекројување" при речиси сите изборни процеси, успеваа да ги разбијат упориштата на опозицијата и со тоа, да понесат победа на изборите. Тоа посебно беше забележано во 1997 година, кога бројот на изборни единици беше зголемен од девет на дваесет и девет, а СПС успешно манипулирајќи со изборниот систем, и натаму ја задржуваше власта во свои раце. За тоа колку поделбата на државната територија умее да придонесе одредена политичка опција да ја преземе власта во свои раце, иако, тоа не ја одразува реалната волја на народот, говори и сценариото на РМ, за време на изборите во 2002 година, на кое прашање ќе следи куса елаборација во понатамошниот дел.

Со новиот Изборен законик, државната територија е сведена на една изборна единица, на која се избираат 250 пратеници. Српскиот законодавец имено, увидел дека поделбата на повеќе изборни единици, со оглед на територијата на Србија е недопустливо решение. Главен проблем во моментов претставува постоењето на висок изборен праг - 5 проценти, кој за своја директна консеквенција го има оставањето надвор од работењето на законодавниот дом, на помалите политички партии.

Денес, политичките власти се изложени на силен притисок, наметнат како резултат на потребата од реформирање на Изборниот законик, и тоа првенствено во насока на намалување на изборниот цензус од 5 на (прифатливи) 3 проценти, како би се осигурала подобра застапеност на помалите политички партии. Сепак, и вака понудената бројка за

пошироката јавност не е докрај прифатлива, бидејќи и натаму, се чини превисока за помалите политички опции. Што се однесува до распределбата на мандатите, во Србија, исто како и во Хрватска, Словенија и Македонија, наоѓа примена Донтовиот модел.

### *3.5 Косово*

Косовскиот изборен модел, во многу црти е сличен со изборниот модел во Србија. Државната територија на Косово претставува *една изборна единица* на која се избираат 120 пратеници, од кои 100 се бираат според пропорционалниот модел, додека останатите 20 се резервирани за припадниците на малцинствата. Од нив, десет места се предвидени за српското малцинство, а пак, останатите десет им припаѓаат на другите малцински групи (Роми, Турци). Распределбата на мандатите се врши според Сент - Лагиевиот модел, а со со оглед на тоа што целата државна територија е сведена на една изборна единица, востановени се и можности за обезбедување повисоко уживање на малцинските права, што е во согласност со европските изборни стандарди.

### *3.6 Црна Гора*

Последна од поранешните ЈУ-републики, Црна Гора се здоби со статус на независна и суверена држава. Процесот на раздружување од Државната заедница Србија и Црна Гора се спроведе на референдумот за независност, одржан на 21 мај 2006, на кој гласаа 55,5% од граѓаните. На 3 јуни 2006 е прогласена независност на Црна Гора од Државната заедница Србија и Црна Гора.

Изборниот модел на Црна Гора, на почетоците од нејзината независност, небаре беше идентичен со оној на Србија. Денес, целата територија на државата претставува *една изборна единица,* со изобрен праг од три проценти. Распределбата на мандатите се врши со примена на Донтовиот Модел, а четири претставници се резервирани за малцинствата.

### *3.7 Грција*

Грција почива врз пропорционалниот изборен систем, при што, 300 претставници се избираат од Република Грција, за период од четири години. Државната територија е поделена на 56 изборни единици – едномандатни и повеќемандатни, т.е. во 48 изборни единици се врши избор на повеќе кандидати, а во 8 може да се избере само еден кандидат.

Изборните единици не можат да се спојат ниту да се укинат, но постојат можности за нивна поделба на неколку помали единици, како што е, на пример, изборната единица на Атина која е поделена на Атина А и Атина Б, на која ѝ припаѓаат 15 проценти од гласачкото тело во Грција. Ревидирањето на изборните единици разбирливо, е резултат на демографските процеси, т.е. растечкиот или опаѓачкиот тренд на населението на определена територија. Добар пример е префектурата Закинтос која како изборна едница во која можат да се избираат повеќе кандидати, е поделена на изборна единица во која се избира само еден кандидат. Изборните единици се ревидираат на секои десет години, по спроведениот национален цензус. Изборниот праг изнесува 3 проценти. Интересно за грчкиот изборен систем е и тоа дека 50 пратенички места се резервирани за партијата која победила на изборите, со тоа што, доколку една политичка опција освои 40 проценти, тоа, би се сметало за доволно, за да ѝ припадне мнозинство од пратеничките места (151 од 300). Оваа, најнова измена е изгласана во мај, 2012 година, со цел да се зајакне стабилноста на грчките влади, кои во минатото се покажаа како доста нестабилни поради самото коалицирање со политички опции кои не секогаш, споделуваа иста политичка идеологија. Тоа, пак, од своја страна, навестуваше дека секогаш постојат изгледи за растурање на коалицијата и распишување нови избори.

Во Грција не е евидентирана поголема манипулација со изборните единици, што се должи и на самиот факт дека грчката популација е ориентирана на неколку поголеми зони. На пример, само територијата на Атина, опфаќа околу 15 проценти од населението, па, според тоа, се избираат 42 претставници во парламентот на Грција. Од областа околу Солун (Тесалоники), се избираат 17 претставници, итн. Голем проблем за Грција претставуваа нестабилните коалициони влади, како и изборниот праг од 3 проценти, кој, иако, не е фиксиран на толку високо ниво, сепак, претставува „голем залак“ за помалите политички партии и за малцинските партии, со оглед на тоа дека на политичката сцена доминираат неколку поголеми политички опции. Лево ориентираната политичка коалиција - СИРИЗА, во неколку наврати се обидуваше да претстави платформа со која територијата на Грција ќе се трансформира во една изборна единица. Независно од тоа што овој предлог не беше прифатен од поголемиот број на граѓани, сепак, претставува чекор напред кон јакнењето на политичкиот плурализам во државата.

*3.8 За искуствата на останатите (европски) држави*

Поголем дел од државите - членки на Европската унија, остануваат на принципот на поделба на територијата на државата на повеќе изборни единици, иако, во Италија и во Холандија, како што споменавме и претходно, изборните единици скоро и да немаат никаков удел при распределбата на места во претставничките домови. Во Израел, целата државна територија претставува една изборна единица, покажувајќи мошне добри резултати за помалите политички партии и за малцинствата, а постои и низок изборен праг. И Република Куба, пред револуцијата, претставуваше една изборна единица, иако и на нејзино поднебје, поделбата на државната територија беше користена главно, од владеачките партии за да ја осигураат нивната власт.

Општо земено, повеќето европски држави се приклонуваат кон концептот на поделба на територијата на државата на повеќе изборни единици, што се оправдува со самиот факт дека во повеќето случаи, се работи за држави со голема територијална површина на која тешко може да се организираат избори, доколку не се востанови поделба на повеќе изборни единици. Тоа, од друга страна, не е случај со балканските држави, кои со оглед на нивните (помали!) територијални пропорции, можат на добар начин, го применат моделот на една изборна единица.

*4. Изборната техника и распределбата на мандатите во Република Македонија*

Во Република Македонија, согласно решенијата статуирани во Изборниот законик,[58] целата државна територија е поделена на шест изборни единици во кои се избираат по дваесет пратеници, според пропорционалниот модел. Тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа, по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија (чл. 4 ст. 2). Притоа, бројот на избирачите во изборните единици може да отстапува најмногу од минус 5% до плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица, по исклучок во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна

---

[58] Сл. Весник на РМ, бр. 40/06; 136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12; 31/13; 34/13; 14/14 и 30/14. Одлуки на УРМ: У. бр. 87/06 од 15 ноември 2006 година, Сл. весник на РМ, бр. 127/06 и У. бр. 93/14 од 11 февруари 2015 година, Сл. весник на РМ, бр. 31/2015.

Америка и во Австралија и Азија. Изборот на претседател на државата пак, се врши на територијата на Република Македонија и во дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија, како *една изборна единица* според мнозинскиот модел. Значи, во Собранието на РМ се избираат вкупно 123 пратеници, од кои 120 се избираат според пропорционалниот модел (цела територија на РМ - *шест изборни единици* и во секоја од нив, се избираат по 20 пратеници), а тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа по еден пратеник од трите погоре споменати изборни единици.

Од моментот на осамостојувањето, изборниот модел на Република Македонија, претрпе неколку битни промени. За првите парламентарни избори во 1990 и во 1994 година, карактеристични се следниве елементи од изборната техника, утврдени со тогаш важечкиот Закон за избор и отповик на пратеници и одборници (1990): кандидирање на најширока основа; мали изборни единици; поединечни избори и распределба на мандатите со примена на мнозинскиот систем со апсолутно и релативно мнозинство гласови. На пример, во 1990 година 18 политички партии и една општествена организација предложиле во 120 изборни единици 1.115 кандидати за 120 пратенички места. Група граѓани предложила 43 кандидати. Во 1994 година пак, 28 политички партии предложиле 1.482 кандидати за 120 пратенички места. Група на граѓани предложила 283 кандидати.

Станува збор за поединечни или за униноминални избори. Севкупната државна територија била поделена на 120 зборни единици во 34 општини за 120 пратенички места, врз основа на принципот: еден пратенички мандат – една изборна единица.

Распределбата на мандатите во Собранието е извршена врз основа на мнозинскиот систем со апсолутно (во првиот круг) и со релативно мнозинство гласови (во вториот круг).

Со донесувањето на Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ во 1998 година, се напушта апсолутната доминација на мнозинскиот модел, за сметка на *комбинираниот изборен модел* кој предвидува(л) 85 пратенички места врз мнозинскиот модел и 35 пратенички места врз пропорционалниот модел. Изборот на 85 пратеника (врз мнозинскиот модел) бил спроведен во два круга на гласање во 85 изборни единици, при што, биле истакнати вкупно 605 кандидати на 22 политички партии и девет кандидати на група граѓани. Од друга страна, листи на кандидати врз пропорционалниот модел истакнале 12 политички партии, четири коалиции и група граѓани. Изборна единица за 35 пратенички места беше државната територија на цела Република Македонија, а распределбата на мандатите е извршена според Донтовиот Модел.

Следејќи го пропорционалниот модел на гласање во Република Македонија, на помалите политички партии скоро и да не им е оставена друга опција, освен да

коалицираат со поголемите политички партии или пак, спротивставувајќи се на ваквата *можност*, да останат надвор од претставничкото тело, што во крајна линија, води кон неуспешен исход. Со ова всушност, се губи и самата смисла на претставничката демократија. Со други зборови, се преферира двопартискиот политички ситем, во кој само две партии уживаат примат, додека другите се принудени да коалицираат со нив.

Инаку, пропорционалниот модел за распределба на (120) пратенички места е воведен во 2002 година, со поделба на државната територија на шест изборни единци, од кои во секоја се избираа по дваесет пратеници. Донтовиот модел повторно најде примена при распределбата на мандатите.

*Табела бр. 2*

| | |
|---|---|
| **Коалиција "За македонија"** | **60** |
| **Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија** | 33 |
| **Демократска Унија за интеграција** | 16 |
| **Демократска партија на Албанците** | 7 |
| **Партија за демократски просперитет** | 2 |
| **Национално-демократска партија** | 1 |
| **Социјалистичка Партија на Македонија** | 1 |

*Извор: Државна изборна комисија*[59]

Во 2006 исто така, врз пропорционалниот модел со примена Донтовата формула за распределба на мандатите се остварени следниве резултати:

*Табела бр. 3*

| | |
|---|---|
| **Коалиција За подобра Македонија** | **45** |
| **Коалиција За Македонија Заедно** | 32 |
| **НСДП** | 7 |
| **ВМРО НП** | 6 |
| **ДОМ** | 1 |
| **ПЕИ** | 1 |
| **ДУИ-ПДП** | 17 |
| **ДПА** | 11 |

*Извор: Државна изборна Комисија*[60]

Изборите во 2008 година ги обележа целосна доминација на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ која освои околу шеесет и три мандати. Очигледно е оттука, дека наспроти искуствата во останатите европски држави (така, Италија, Франција, итн.), во Македонија е цврсто вкоренет двопартискиот систем, односно на изборите учествуваат двете најголеми политички опции, а другите помали полтички партии коалицираат со нив. Главниот проблем што избива на овој план, се должи на отсуството на трета опција, како и на тоа дека изборните резултати во најмала рака, ги диктираат двете најголеми политички партии во земјата. Со напуштањето на досегашниот модел на поделба на државната територија на повеќе изборни единици, би се надминала бипартизацијата, а истовремено, би се создале и поволни услови, не само за останатите политички партии, туку и за граѓанските здруженија, во таа смисла што, тие би можеле да кандидираат свои кандидати.

[59] http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=219&Itemid=1285&lang=mk.
[60] http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=219&Itemid=1285&lang=mk.

Сето ова, за своја последица во крајна линија, го има истакнувањето и оживотворувањето во мошне солидна мера, на идејата за претставничката демократија.

Позитивните страни на моделот на една изборна единица би биле огромни, посебно на територијата на Република Македонија, а воедно би се намалиле и трошоците на Државната изборна комисија. Дотолку повеќе, примената на овој принцип (цела територија на државата - една изборна единица), не ѝ е непозната на РМ: изборниот систем во 1998 година функционираше токму врз споменатава техника, која во значителна мера, придонесува за јакењето на демократскиот поредок на државата.

Денес, во Република Македонија се применува чистиот пропорционален модел, по конфликтот од 2001 година, кога беа усвоени и ревидирани добар број на закони, со кој легислативен (и уставен!) потфат, делумно требаше да се реши сложената етничка структура во земјата.

На парламентарните избори се избираат 123 пратеници од кои 120 пратеници се избираат на територијата на Република Македонија, која е поделена на шест изборни единици, а три пратеници се избираат од дијаспората на РМ. Во секоја од изборните единици има околу 280 000 граѓани (+-3%). Според пресметките, во четири од вкупиот број на изборни единици доминира македонското мнозинство, додека во другите две преовладува албанското малцинство.

За распределбата на мандатите се користи Донтовиот Модел. Проблемот со пост-конфликтниот македонски изборен модел е во самата поделба на (шест) изборни еденици, со што во некои изборни единици, македонското мнозинство скоро и да се изгуби, поради прекројувањето на изборните единици.

Она што единствено (и нужно!) недостига во РМ, е да се пристапи кон натамошна ревизија на Изборниот законик, која ќе биде одраз на свртување кон принципот цела државна територија – една изборна единица, што и те како ќе придонесе кон јакнење на политичкиот плрализам во државата. [61]

[61] Интересен во овој контекст е и ставот на поранешниот амбасадор на САД во Македонија, Н.Е. Филип Рикер, кој во една од своите изјави истакна дека многу поцелисходно би било РМ, да стане една изборна единици. На овој начин, моќта од партиските листи би се трансферирала во рацете на на народот, што пак, ќе резултира со создавање мошне поповолна политичка клима во Македонија

Евидентно е дека во последнава децинија, македонскиот политички систем премина од повеќепартиски ситем кон биполарен систем, во кој две главни политички опции ја делат власта. Она што посебно загрижува, се должи на самиот факт дека при последните избори, политичкиот систем во земјава скоро и да ги понесе сите суштински карактеристики на биполарниот систем, со една доминантна политичка опција, слично на пропорционалниот систем на Јапонија. Тоа, првенствено се огледна низ слабата улога на опозицијата, која како една *стара политичка елита*, повеќе нема што да понуди на широките народни маси, препуштајќи ја полека својата моќ, на другата - владеачка политичка опција.

Еден од *најбезболните начини* за враќање кон политичкиот плурализам е токму оној кој налага натамошна промена на Изборниот законик, така што целата државна територија би се обликувала во една изборна единица со низок изборен праг, овозможувајќи им и на помалите и на малцинските политички опции да го остварат своето право на претставување. И отворените изборни листи, би можеле да придонесат во оваа насока, оставјќи им повеќе простор на избирачите во процесот на гласање. Крајниот исход од реформата на изборниот систем и те како е во интерес на самите граѓани: тие нема да го дадат својот глас поради нечии интереси, туку водејќи сметка за сопствените интереси! Доколку се следат трендовите на државите од поблиското и од поширокото соседство, без особени потешкотии може да се утврди дека повеќето од нив го прифатиле овој модел и како резултат на тоа, бележат позитивни тенденции на јакнење на политичкиот плурализам.

Оттука, сметаме дека членот 4 од Изборниот законик на РМ, треба да претрпи натамошн измени, како целата територија на РМ би претставувал аедна изборна единица, што ќе овозможи поефикасно развивање и функционирање на политичката и на демократската култура во државата.